МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# Предлог-закон за изменување на Законот за Централен регистар

Скопје, __.__ 2013 година

# ВОВЕД

I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот

Со измените на Законот за прекршоците, е дадена можност пред поведување прекршочна постапка за прекршоци утврдени со овој закон да се поведе постапка на порамнување или спогодување.

Во постојниот закон за Централен регистар е пропишано да се води постапка на порамнување. Оцена е дека за прекршоците утврдени со овој закон не е потребно водење на постапка на порамнување пред поведување на прекршочна постапка, поради што е потребна измена на законот.

II. Цели, начела и основни решенија

Со предложените законски решенија се врши усогласување со Законот за прекршоците.

Предлогот на Закон за изменување на Законот за Централен регистар се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основно решение што се предлага со законот е бришење на постапката на порамнување за прекршоците, утврдени со овој закон.

III. Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз буџетот и другите јавни финансиски средства

Предлогот на Закон за изменување на Законот за Централен регистар нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведувањето на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија /

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон /

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за Централен регистар

Член 1

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08 и 35/11) во членот 28-а ставот 2 се брише.

Член 2

Постапките на порамнување кои ќе започнат до денот на започнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр._/13).

Образложение:

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Со Предлог-законот за изменување на Законот за Централен регистар се врши усогласување со Законот за прекршоците.

Со членот 1 од Законот се предвидува дека се брише обврската за поведување постапка за порамнување.

Во членот 2 се предвидува дека постапките на порамнување кои ќе отпочнат до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Во членот 3 се предвидува одложена примена на овој закон.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбите кои се предлагаат во Предлог-законот се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со измените на законот ќе се изврши усогласување со Законот за прекршоците.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
на Законот за Централен регистар

Член 28-а

За прекршоците утврдени во членовите 29 и 30 од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, ќе се поведе постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.